Врз основа на член 24 став 1 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште ("Сл. весник на РМ" бр.4/2005 и 13/2007), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 01.07.2007 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште**
**(Службен весник на РМ бр. 87/07 и 26/08)**

**Член 1**

Со оваа уредба се уредува висината, како и начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежното земјиште.

**Член 2**

За приватизација на градежното земјиште се наплаќа надомест во висина утврдена во Прегледот за висина на надоместот за приватизација на градежното земјиште, кој е даден во прилог и е составен дел на оваа уредба.

Висината на надоместот за приватизација на градежно земјиште се плаќа во денарска вредност по м2 според местоположбата на земјиштето определена со Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во Република Македонија.

**Член 3**

Физичките и правни лица корисници на градежно земјиште согласно Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, надоместот за приватизација на градежното земјиште може да го плаќаат во денари или со обврзници издадени од страна на Република Македонија за исплата на депонирани девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија како и со обврзници од денационализацијата.

**Член 4**

Надоместот за приватизација се плаќа после правосилноста на решението за приватизација на градежното земјиште на трезорска сметка 100 0000000630 95 - банка на примачот е Народна Банка на Република Македонија, уплатна сметка 840-6228, приходна сметка 733127, цел на дознака Буџет на Република Македонија, приватизација на градежно земјиште сопственост на Република Македонија.

**Член 5**

Плаќањето на надоместот за приватизација на градежното земјиште може да се врши во целост или на рати.

Висината на надоместот за приватизација на градежното земјиште кој се плаќа во целост во денари, се намалува за 35 %, од висината утврдена во Прегледот од член 2 на оваа уредба.

**Член 6**

Надоместот за приватизација на градежното земјиште може да се плаќа на рати само ако висината на надоместот е над 180.000,00 денари за физички лица, а за правни лица над 1.800.000,00 денари.

Надоместот за приватизација на градежното земјиште може да се плаќа

најмногу на 10 еднакви рати, најдоцна до 31 декември за тековната година.

**Член 7**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"